Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror

Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 0501-1379/4
31-12-2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# М-НАВ АД СКОПЈЕ

# Инвестициона програма за 2026 година

*Декември 2025 година*


"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Инвестиционата програма на М-НАВ АД Скопје за 2026 година ја опфаќа вкупната вредност на планираните инвестиции за 2026 година, појаснување за финасирањето на планираните инвестиции, како и одделен приказ на инвестициите финансирани со средства обезбедени со заем од ЕБОР и планираните инвестиции со сопствени средства и/или со подршка од домашни и меѓународни инвестиции. Воедно, даден е табеларен приказ на финансиската структура на инвестициите.

**Наслов**

**М-НАВ АД СКОПЈЕ**

**ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2026 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број**: | МНВ-810-103.09 | **Издание број**: | 1.0 |
| | | **Дата**: | 21.12.2025 |

**Извадок:**

"...Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2026 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2026 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2027, 2028, 2029 итн. во зависност од амортизациониот период на инвестициите......"

**Клучни зборови:**

Договорот за заем склучен со ЕБОР, планирани инвестиции, сопствени средства, средства обезбедени со заем од ЕБОР, финансирање на инвестициите, амортизација, финансиска структура на инвестициите.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | √ | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Филип Трандафиловски<br><br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 23.12.2025 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br><br>Шеф на Отсек за квалитет - безбедност во Одделение за интегрирани менаџмент системи | |
| Одобриле | Владимир Ристески<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна навигација<br><br>Милан Кораќ<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна техника<br><br>Fatmir Zimberi<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 24.12.2025 |

## СОДРЖИНА

1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ..... 5
2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2026 ГОДИНА ..... 5
3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР ..... 6
4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ..... 10
5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ..... 12

## 1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ

**ПЕРИОД: 2026 ГОДИНА**
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 556 369 426,38 ДЕНАРИ**

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација (бр. 19-4602/1 од 16.10.2008 година). Со оваа одлука се отпочнува постапка за основање на трговско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (во натамошниот текст: Друштвото).

На ден 22.01.2024 година во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24 беше објавен нов Закон за воздухопловство, кој влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија". Со денот на влегување во сила на овој закон, престана да важи Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19). Давателот на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје го усогласи Статутот со одредбите од овој закон.

Како трговско друштво, согласно член 469 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.290/20 и 215/21), М-НАВ А.Д. - Скопје има обврска да подготвува и поднесува извештаи во согласност со меѓународните сметководствени стандарди објавени во "Службен весник на РМ" бр. 159/2009 согласно кои Друштвото ги подготвува своите финансиски извештаи врз основа на принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Ова подразбира дека М-НАВ АД Скопје со неговата регистрација во 2009 година како акционерско друштво кое има сопствени извори на приходи, средствата за инвестициони вложувања не ги планира во вкупен износ како расходна ставка во Финансискиот план на Друштвото, туку истите согласно одредбите од Законот за трговски друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување - **трошокот од инвестиционите вложувања се искажува преку амортизација, т.е. како расходна ставка во Финансискиот план се признава само делот врз основа на пресметаната амортизација на истите.**

Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2026 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2026 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2026, 2027, 2028... година во зависност од амортизациониот период на инвестициите.

Со цел надминување на финансиските потешкотии на М-НАВ АД Скопје, како последица на пандемијата со Ковид-19 којашто имаше директни импликации врз воздушниот сообраќај, Друштвото со цел рефинансирање и затворање на тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР (Оп.Бр.44067) на 24.09.2013 година за финансирање на „Проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација" – без државна гаранција на износ од 11 150 000 евра, потпиша два нови договори: Договор за заем со ЕБОР (Оп.Бр.53184) во вкупен износ од 9 770 000 евра и Договор за одобрување на долгорочен кредит со Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 5 000 000 евра - истите без државна гаранција, за што е добиена согласност од Владата на Република Северна

Македонија.

**Согласно горенаведеното, М-НАВ АД Скопје со расположивите средства обезбедени со заем од ЕБОР, како и од сопствени средства и/или со подршка од домашни и меѓународни институции притоа водејќи сметка за целосната усогласеност на паричните текови и ликвидноста на претпријатието, во 2026 година планира да реализира инвестициони вложувања во вкупен износ од 556 369 426,38 денари.**

Намената на планираните инвестиции и изворите на финансирање се наведени во Точка 3 и Точка 4 подолу.

## 3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 362 580 564,47 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2026 година |
|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на нов АТМ Систем | Договор за набавка, инсталирање и тестирање на нов АТМ систем, вклучувајќи и техничко-оперативна сала е потпишан со инофирмата Leonardo на 14.12.2018. Во однос на делот од проектот кој се однесува на изградба на техничко-оперативната зграда, во текот на декември 2021 година од Leonardo пристигнаа дополнителни проценети трошоци за реализација на зградата кои произлегуваат од разликите помеѓу Идејниот и Основниот проект за изградба на техничко оперативната зграда како дел од Договорот за набавка на АТМ системот. На локацијата започнаа градежни активности согласно Одобрението за градење издадено од Министерството за транспорт и врски, но беа стопирани се до носење на конечна одлука од страна на УО на М-НАВ околу усогласување на дополнителните трошоци за целосна реализација. Во 2022 година беа одржани неколку состаноци помеѓу Управниот одбор на М-НАВ и претставници на Леонардо со цел надминување на разликите во поглед на трошоците. Како резултат на тоа, беше изготвен Change Order CO-H-002, одобрен од страна на ЕБОР и потпишан од страна на М-НАВ. Меѓутоа, поради неможност од страна на Leonardo да ја реализира градбата со предвидените трошоци, на нивно барање започнаа преговори со цел откажување на компонентата за изградба на техничко-оперативната зграда. Финалните преговори се одржаа во Скопје на 24.01.2023 година, со заклучок за конечно откажување на изградбата на техничко-оперативната зграда, т.е. изземање на таа компонента од Договорот и сместување на АТМ системот во ново адаптирани простории во зградата на М-НАВ. ЕБОР даде одобрување (No objection) на овој предлог, по што од двете страни на 31.03.2023 беше потпишан Амандман бр.2 на договорот со што беше формално затворено тоа прашање. На 22.03.2024, по одобрување од страна на ЕБОР беше потпишан Амандман бр.3 со кој е регулирана динамиката на плаќање, без финансиски импликации. Во првата половина од 2025 започна транзицијата на новиот систем, но поради вонредно високото ниво на сообраќај и со цел да не биде | 88 806 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | загрозена безбедноста, втората фаза односно преоѓање на работа на новиот систем беше одложена за четвртиот квартал. Во тек се активности околу потпишување на амандман со кој ќе бидат регулирани доцнењата од страна на Leonardo во реализацијата на проектот. Completion Certificate, односно преоѓање на системот во владение на М-НАВ беше потпишан на 06.10.2025. Финализирање на проектната компонента за АТМ системот и ставање во употреба е предвидено до крајот на вториот квартал од 2026 година.<br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | |
| 2. | VHF радио систем и микробранов линк | Договор за набавка, инсталирање и тестирање на нов VHF систем беше потпишан на 11.03.2019. Согласно планот, системот требаше да биде испорачан во август 2019, со конечна реализација до крајот на октомври 2019 година. Проектот започна со доцнење при испорака на опремата од страна на Park Air и беше невозможно да се заврши инсталацијата на Солунска Глава во текот на 2019 година, поради што со ревидирање на планот за реализација, инсталацијата и тестирањето на Солунска Глава се одложи за 2020 година. Поради појавата на пандемија со КОВИД-19 во 2020, Park Air Systems се повика на одредбата од договорот за Виша сила, одлука која што УО на М-НАВ ја прифати, со што привремено беше забавена реализацијата на проектот. На 08.02.2021, по одобрување од ЕБОР беше потпишан Амандман бр.2 на Договорот, со кој се продолжува рокот за реализација до септември 2021 година. На крајот на март 2022 година беше извршено финално инсталирање и тестирање на опремата во Скопје, додека на локацијата Солунска Глава. Во текот на септември 2022 година, спроведени се SAT и OAT тестовите, согласно кои се издадени сертификати со забелешка дека минорни активности ќе бидат извршени во моментот кога ќе биде овозможен пристап до локацијата на Солунска Глава. Овие активности беа конечни финализирани во август и септември 2024 година. Целосна реализација на овој проект, односно отстранување на стариот столб за антена на Солунска Глава се очекува до крајот на 2025 година, по што ќе биде реализирано финалното плаќање.<br>Целосна реализација на овој проект се очекува во вториот квартал на 2026 година. Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, а продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | 13 894 920,09 |
| 3. | Набавка, инсталација и пуштање во работа на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground | Со овој систем ќе се замени постоечкиот дотраен радарски систем Томсон, а воедно значително ќе се зголеми доверливоста на радарските податоци која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај кој се одвива на небото на Република Северна Македонија.<br>По спроведена постапка за набавка согласно правилата на ЕБОР и по добивање одобрување (No objection) од страна на ЕБОР, Leonardo S.p.A. од | 80 393 506,30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Station Implementation) | Италија беше прогласена за победник на тендерот. Потпишување на Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа за Mode-S системот беше извршено на 02.12.2022 година, по што започнаа активностите за реализација на истиот. Извршено е авансно плаќање согласно условите од Договорот, во тек се активности согласно Договорот. Во текот на третиот квартал на 2023 година беше извршена обуката на техничкиот персонал на М-НАВ во просториите на Leonardo, како и продолжени активностите околу плановите и проектната документација. Со цел поефикасно одвивање на активностите, односно одвоена испорака на системот и на резервните делови, без финансиски импликации, подготвен е и по одобрување од страна на ЕБОР, на 05.10.2023 година е потпишан Амандман бр.1 на договорот. Поради доцнење од страна на Leonardo во фазите на дизајнирање на техничко решение, како и во подготовките за FAT (Factory Acceptance Test), на 29.02.2024 од страна на УО на М-НАВ беше упатено формално писмо до Leonardo, со цел организирање на состанок на кој ќе се разгледаат опциите за натамошна реализација на проектот со оглед на неопходноста од што поскора финализација на оваа проектна компонента. Овој состанок се одржа на 04.04.2024 година и на истиот беа разгледани доцнењата и беше презентирано ново техничко решение кое се однесува на системот. Во текот на третиот квартал од 2024 година беше успешно реализиран FAT (Factory Acceptance Test). Во 2025 година беше испорачана опремата на локацијата на М-НАВ во Скопје. На 14.03.2025 беше потпишан амандман бр.2 (одобрен од ЕБОР) со цел поделба на плаќањето за FAT на 2 фази по затворање на забелешките од М-НАВ за извршеното тестирање. Во тек се активности околу потпишување на амандман со кој ќе бидат регулирани доцнењата од страна на Leonardo во реализацијата на проектот. Во четвртиот квартал ќе започне деинсталација на стариот радар и поставување на новата опрема.<br>Предвидено е проектната компонента за нов Mode-S систем да биде финализирана во првиот квартал од 2026 година.<br>Реализацијата на овој проект започна во рамки на Договорот за заем Оп.Бр.44067, и продолжи во рамки на новиот Договор за заем, Оп.Бр.53184. | |
| 4. | Набавка, инсталација и ставање во употреба на навигациски системи (DVOR/DME и CVOR/DME) (Doppler/Conventional Very High Frequency Omni directional Range/Distance | Со оглед на електричната и механичката дотареност на уредите и системите кои се повеќе од 24 години во континуирана употреба при давањето услуги на воздухопловна навигација, а со цел одржување на високото ниво на квалитет, достапност и континуитет во давањето услуги, потребна е замена на постоечките со нови уреди.<br>Системот VOR/DME претставува комбинирано радио навигациско средство (два радио фарови и VOR) и обезбедува максимална оперативна разновидност и флексибилност со користење на концепти за модуларна конфигурација и модерни технологии. | 153 750 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Measuring Equipment) | | |
| 5. | Набавка, инсталација и ставање во употреба на нов AMHS систем (Air Traffic Services Message Handling System) | Набавката на овој систем ќе овозможи најсовремено решение за пренос на пораки кои се однесуваат на безбедноста во воздухопловната навигација и редовното, ефикасното и економичното вршење на услугите. Главни корисници на овој систем се AIS, MET, ATFM и SAR службите.<br>Со воведувањето на овој систем се зголемуваат брзината, капацитетот, доверливоста, безбедноста, функционалноста и интероперабилноста на системите.<br>Еден дел од средствата потребни за набавка на овој систем ќе бидат обезбедени со средства од заемот од ЕБОР. | 25 736 138,09 |
| | | **Вкупно** | **362 580 564,47** |

## 4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 193 788 861,91 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2026 година |
|---|---|---|---|
| 1. | Набавка, инсталација и ставање во употреба на нови ILS (Instrument Landing System) системи за аеродромите во Скопје и Охрид | Со оглед на електричната и механичката дотрареност на уредите и системите кои се повеќе од 24 години во континуирана употреба при давањето услуги на воздухопловна навигација, а со цел одржување на високото ниво на квалитет, достапност и континуитет во давањето услуги, потребна е замена на постоечките со нови уреди.<br>ILS системот, или инструментален систем за слетување, е прецизен радио-навигациски систем на аеродромите кој им дава на пилотите прецизно хоризонтално и вертикално водење за слетување, особено корисно при лоши временски услови или слаба видливост, водејќи ги до централната линија на пистата. Работи со користење на радио зраци од земски предаватели кои се толкуваат од инструментите на авионите, овозможувајќи побезбедни и почести слетувања. | 75 000 000,00 |
| 2. | PBN решение / DME-DME концепт | Со набавката на дополнителни DME (Distance Measurement Equipment) уреди, ќе се овозможи воведувањето на DME-DME концептот, како дел од Националниот план за имплементација на PBN (Performance Based Navigation). Со воведувањето на PBN решението ќе се овозможи поефикасно користење на можностите на современите воздухоплови при пружањето на услуги на воздухопловна навигација, односно подобрена безбедност, зголемен капацитет на воздушниот простор, како и намалена потрошувачка на гориво, а со тоа и водење грижа за зачувувањето на природата. | 21 525 000,00 |
| 3. | MLAT (Multilateration) концепт за надзор и навигација | MLAT системот има примена при надзор, но и при навигација. Истиот користи сензори кои поставени на фиксни позиции, при што приемникот мерејќи ја разликата во времето од сигналите добиени од различни позиции ја добива прецизно својата локација.<br>Со примена на овој систем ќе се овозможи покривање на планинските предели кои не дозволуваат надзор од конвенционални системи. | 61 500 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Набавка, инсталација и ставање во употреба на нов AMHS систем (Air Traffic Services Message Handling System) | Набавката на овој систем ќе овозможи најсовремено решение за пренос на пораки кои се однесуваат на безбедноста во воздухопловната навигација и редовното, ефикасното и економичното вршење на услугите. Главни корисници на овој систем се AIS, MET, ATFM и SAR службите.<br>Со воведувањето на овој систем се зголемуваат брзината, капацитетот, доверливоста, безбедноста, функционалноста и интероперабилноста на системите.<br>Вториот дел од средствата потребни за набавка на овој систем ќе бидат обезбедени со сопствени средства од М-НАВ. | 35 763 861,91 |
| | | **Вкупно** | **193 788 861,91** |

## 5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | **СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ** | **ОСТВАРЕНО за 2025 година[1]** | **ПЛАНИРАНО за 2026 година** | **ОСТВАРЕНО за 2026 година** | **Споредбена анализа остварено 2026/остварено 2025 (%)** | **Споредбена анализа остварено 2026/планирано 2026 (%)** | **Структурна анализа 2026 година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Прелети | 1.294.962.827,12 | 1.265.307.686,99 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Терминални услуги | 194.955.452,91 | 220.807.774,30 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | **Вкупни оперативни приходи** (1 + 2) | **1.489.918.280,03** | **1.486.115.461,29** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Останати приходи | | | | | | |
| 4. | Останати услуги | 13.910.716,25 | 12.300.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно останати приходи** (4) | **13.910.716,25** | **12.300.000,00** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6. | **Вкупно приходи** (3 + 5) | **1.503.828.996,28** | **1.498.415.461,29** | 0 | 0 | 0 | 0 |

[1] При искажувањето на реализираните приходи за 2025 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2026 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2025 година. За месеците октомври, ноември и декември од 2025 година се користени планираните приходи од Финансискиот план на Друштвото за 2025 година.

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за 2025 година[2] | ПЛАНИРАНО за 2026 година | ОСТВАРЕНО за 2026 година | Споредбена анализа остварено 2026/остварено 2025 (%) | Споредбена анализа остварено 2026/планирано 2026 (%) | Структурна анализа 2026 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Трошоци за вработените | 1.060.187.117,00 | 1.182.172.508,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Материјални трошоци | 66.007.026,39 | 90.500.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | Нематеријални трошоци | 58.871.251,27 | 125.650.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4. | Амортизација | 66.246.000,00 | 66.246.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4) | **1.251.311.394,66** | **1.464.568.508,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Останати раходи** | | | | | | |
| 6. | Останати трошоци од работењето | 2.556.067,60 | 9.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | Финансиски трошоци | 19.632.598,55 | 24.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8. | **Вкупно останати расходи** (6 + 7) | **22.188.666,15** | **33.000.000,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 9. | **Вкупно расходи** (5 + 8) | **1.273.500.060,81** | **1.497.568.508,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |

[2] При искажувањето на реализираните расходи за 2025 година, од причина што во моментот на изготвување на Финансискиот план за 2026 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2025 година додека за месеците октомври, ноември и декември од 2025 година се користени планираните расходи од Финансиските план на Друштвото за 2025 година.

| | ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ | ИЗНОС на основица | ИЗНОС на годишна камата | Каматна стапка | Износ на годишен ануитет | Вкупно исплатено | Преостанат долг | Преостаната камата | Времетраење (од - до, Вк. години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ** | | | | | | | | |
| 1 | **Вкупно краткорочни кредити (1)** | **0** | **0** | | **0** | **0** | **0** | **0** | |
| | **ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ**[3] | | | | | | | | |
| 2 | Кредит од ЕБОР | 167.717.440,89 | 44.814.888,00 | 3.75 | 217.548.000,00 | 262.362.888,00 | 312.750.005,00 | 0 | 0 |
| 3 | Кредит од Комерцијална банка | 91.429.866,75 | 1.750.149,78 | 2.1 | 21.512.909,10 | 23.263.058,88 | 69.916.957,65 | 0 | |
| 4 | **Вкупно долгорочни кредити (2)** | **259.147.307,64** | **46.565.037,78** | | **239.060.909,10** | **285.625.946,88** | **382.666.962,65** | 0 | |
| 5 | **Вкупно (1 + 2)** | **259.147.307,64** | **46.565.037,78** | | **239.060.909,10** | **285.625.946,88** | **382.666.962,65** | **0** | |

[3] Основицата е земена со состојба 31.12.2025 година на обврската на повлечените средства од заемот и од таа состојба се пресметани ануитетите квартално. Начинот на пресметката на ануитетите по квартали се прави согласно повлекувањата на средствата од кредитната линија и во текот на 2026 година тие ќе бидат променливи за што ќе се известува на квартално ниво во 2026 година.